Бр./Nr 12-1900/2

01-02-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60-тата седница одржана на 28.01.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1900/1 од 14.05.2021 година, против директорката на ЈЗУ Клиника за ------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување, а предметот го доставува на надлежно постапување на Лекарска комора на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-1900/1 од 14.05.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 14.05.2021 година, поднесена е пријава против директорката на ЈЗУ Клиника за -------------- и оформен е предмет број 12-1900/1 од 14.05.2021 година.

Во пријавата подносителот укажува на сомневање за коруптивни дејствија при рекламирање на ТВ медиумите од страна на директорката на ЈЗУ Клиника за ------------ на суплементи – алое вера со боровница на еден производител и укажува дека производот го препорачува и Здружението на ----------------.

При разгледувањето на предметните наводи, ДКСК оцени дека во постапувањето на наведеното службено лице, треба да се земат во предвид начелата утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, особено начело на интегритет од Членот 4, став 2 според кое „Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, и за конкретниот случај - етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес".

Во Кодексот на медицинската деонтологија во член 87 став (1) и член 18 став (4) е уредено и вршењето пропаганди активности на лекарите. Оттука ДКСК оцени дека во конкретниот случај нема елементи за надлежно постапување, а предметот да го достави на надлежно постапување на Лекарската комора на РСМ имајќи ја предвид нејзината

надлежност да се грижи, да го следи и надгледува спроведувањето на правилата на медицинската етика и деонтологија и презема мерки во случај на нивно прекршување, што е утврдено во член 8 став 1 точка 1 од Статутот на лекарската комора на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**